# Д-р РИСТО ПОПЛАЗАРОВ
## (1933—1984)



На 30 јуни 1984 година, по долга и подмолна болест, прерано престана да чука срцето на д-р Ристо ПОПЛАЗАРОВ, научен советник во Институтот за национална историја Скопје, познат македонски историограф, истражувач на поблиското и подалечното минато на историјата на македонскиот народ.

Ристо ПОПЛАЗАРОВ е роден на 25 јануари 1933 година во село Добролишта (Костурско), син на Андон и Рина Поплазарови, долго прогонувани од грчките власти. До 1947 година во родното село го завршува петтото одделение на грчкото основно училиште. Но поради учеството на неговото семејство во граѓанската војна во Грција, односно во Егејскиот дел на Македонија во текот на 1949 година, заедно со илјадници деца Македончиња, го напушта родното место и татковината и наоѓа засолништа во Социјалистичка Република Чехословачка. Тука во почетокот на 1950 година работи како македонски учител во детските домови, истовремено студирајќи во вечерната гимназија на Карлови Вари. Од 1955 до 1960 година ги завршува петгодишните студии од областа на историјата на Филозофско-историскиот факултет, група Општа историја на Комненскиот универзитет во Братислава. Студиите ги завршува со одличен успех. Покрај тоа со успех ја одбранува дипломската работа: **Кресненско-Разлошкото востание во Македонија од 1878 година и неговиот одглас во чешкиот печат**. Подоцна овој труд Поплазаров го пријавува како докторска дисертација и со успех го одбранил на истиот универзитет. Значи, иако студира општа историја во братската социјалистичка ЧССР, Ристо Поплазаров, уште оттогаш свесно ја определува својата животна преокупација и занимање — да стане професионален истражувач и историограф на историјата на својата татковина, на својот македонски народ, а со тоа да стане полезен историчар на младата македонска историска наука.

Во 1963 година Поплазаров со семејството се преселува во НР Македонија, со што ја исполнува својата интимна желба да биде граѓанин на својата татковина, свој на своето и меѓу своите. Следната година се вработува во Институтот за национална историја—Скопје, работејќи дваесетина години, најпрво како стручен соработник и асистент, за да ја дочека смртта како научен советник, познат македонски историограф и истражувач на историјата на македонскиот народ, автор на над десетина монографии, над стотина статии, прилози, историографии, библиографии, критички осврти прикази и слично.

Најомилени тематски подрачја на кои Поплазаров работеше со жар и длабока истрајност и на кои им ги посвети своите најубави и творечки години во Институтот за национална историја—Скопје претставуваат: политиката на Грција и на Цариградската патријаршија спрема Македонија и Македонското прашање од почетокот на XIX век до најново време; дејноста на странските пропаганди во Македонија, оружените и ослободителните борби на македонскиот народ во втората половина на XIX век; македонско-чехословачките односи; Кресненското востание во Македонија, ајдутското, преродбенското, револуционерното и националноослободителното движење во Македонија и друго. Покрај изучувањето на овие мошне суштествени прашања од историјата на македонскиот народ, Поплазаров често пати се навраќаше на настаните и моментите од историјата на Егејскиот дел на Македонија, што беше негова најомилена тема, зашто и самиот беше жив свидетел на безброј револуционерни боишта на масовното учество на Македонците во Граѓанската војна во тој дел. На овие настани од поновата историја на македонскиот народ д-р Ристо Поплазаров им приоѓаше со нему својствен патриотизам и љубов, без разлика дали се работеше за XIX век или за најновите моменти од историјата на својот народ.

**Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век,** (ИНИ—Скопје, 1973, 324) е првата монографија што ја напиша д-р Ристо Поплазаров. Во неа на автентичен начин ја прикажува асимилаторската дејност на Грција спрема Македонија.

Книгата: **Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850—1878,** (ИНИ—Скопје, 1978, 398) е прв монографски труд во македонската историска наука за ослободителните и оружените борби на македонскиот народ во времето од 1850 до 1878 година. Според Поплазаров, оружените и ослободителни борби на македонскиот народ во овој период се сплет од разни појави и настани на народносниот отпор против тешката економска, политичка и културно-просветна положба на македонскиот народ, кој стекнал под турското политичко и грчко-фанариотското духовно и културно-просветно ропство. Со факти и аргументи авторот на таа студија докажува дека македонскиот народ имал значајни оружени акции, ослободителни борби и движења во периодот од 1850 до 1878 година за негово црковно-просветно ослободување од стегите на Цариградската вселенска грчка патријаршија и од турското ропство.

Следната монографија на д-р Ристо Поплазаров: **Ајдутскиот војвода Ильо Марков—Малешевски — Живот и дејност,** (Наша Книга—Скопје, 1978, 97) претставува прва историја на познатиот малешевски и воопшто македонски ајдутски војвода и револуционер, учесник во многу револуционерни

борби и настани на Балканскиот Полуостров. Освен тоа, д-р Ристо Поплазаров е автор уште на монографиите: **Македонското Кресненско-Разлошко востание. Во чест на неговата 100-годишнина,** (Мисла—Скопје, 1979, 203); **Сан-Стефанската фикција и посебноста на Македонија,** (Култура—Скопје, 1978, 74) и други студии. Поплазаров е автор на третиот дел од **Историографијата на Македонија 1965—1975**, (Студентски збор—Скопје, 1982, 39—77) што го опфаќа периодот од почетокот на XIX век до 1912 година.

Д-р Ристо Поплазаров се појавуваше во повеќе списанија и весници со бројни написи, статии, прилози, библиографии, критички осврти, рецензии, прикази и слично. Само неколку дена пред неумолната и незапирливата смрт, во нашиот најомилен и најмасовен катадневник „Нова Македонија", прочитавме веројатно еден од неговите последни написи, всушност приказ на тритомната студија „Реформите на големите европски сили во Македонија, кн. I, II, III (1829—1909)" од д-р Глигор Тодоровски, на чиј награден историографски труд Поплазаров беше еден од рецензентите.

Ристо Поплазаров беше член на редакција на повеќе познати историографски гласила. Посебен трудољубив однос Поплазаров гаеше кон младите историчари и истражувачи на историјата на македонскиот народ, на кои им помагаше според нивни афинитети.

Покрај оваа своја богата историографска продукција, Поплазаров беше речиси редовен учесник на повеќе научни собири, било да се работеше на симпозиуми од локален, било од републички или од повисок карактер. Во таа смисла, Поплазаров ја застапуваше и претставуваше македонската историографија со свои реферати и дискусии на балканолошките, славистичките и други видови на конгреси. Со еден збор, Поплазаров не умееше да одбие покана за учество на научни собири, без оглед дали ќе настапеше со реферат од областа на споменативе тематски подрачја или ќе се навратеше во настаните поврзани од поновата историја на македонскиот народ.

Општествената ангажираност на д-р Ристо Поплазаров исто така беше на завидно место. Во таа смисла, тој активно делуваше во Институтот за национална историја како член и секретар (во еден мандат) на Основната организација на Сојузот на комунистите на Македонија, потоа како претседател на Советот на Институтот, шеф (раководител) на Одделението за преродбенско-националноослободително движење на македонскиот народ, делегат на СИЗ-овите и слично. Покрај тоа, Поплазаров беше ангажиран во Друштвото на историчарите на СР Македонија, во Комисијата за научно-издавачката дејност, во Комисијата на Чехословачко-југословенската соработка на историчарите од двете земји. Во поново време Поплазаров беше член на Друштвото на наука и уметност — Битола.

Успешно и совесно извршувајќи ги програмските обврски во Институтот за национална историја — Скопје, но и следејќи ги своите сопствени афинитети, д-р Ристо Поплазаров успеа да ја збогати македонската историска наука со доста автентични сознанија од подалечното и поблиското минато на македонскиот народ и на својата земја. Оттаму, неговите трудови секогаш ќе претставуваат драгоцен дел од македонската историографска продукција. Тоа што смртта прерано го оддели од своите најблиски

и од своите историографски преокупации, што остана посмртно во печат да излезат неговите текстови за Историјата на Сојузот на комунистите на Македонија (прва книга), чиј активен член беше и самиот, потоа написите за седумтомната историја на македонскиот народ, што се подготвува во издание на Институтот за национална историја, и други слични написи, сликовито потврдуваат дека со неговата прерана смрт Институтот за национална историја — Скопје губи свој редок, драг, самопрегорен, трудољубив, искрен и вреден соработник и колега, а македонската историска наука свој неуморен и плоден истражувач — историограф.

Александар ТРАЈАНОВСКИ